# ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА

## ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-188
02/2444-499

**ВТОРА ИНФОРМАТИВНА СРЕДБА**

***Во Јавна Установа Меѓу-општински центар за социјална работа - ШУТО ОРИЗАРИ***

Проектниот тим на проектот „Пристап до правда во Македонија“, проект кој се спроведува од страна на Македонско здружение на млади правници (МЗМП) Скопје, Национален Ромски Центар (НРЦ) Куманово, Младински културен Центар (МКЦ) Битола, Едукативно-хуманитарна организација (ЕХО) Штип, Избор Струмица и Здружение на граѓанско општество 8ми Септември Скопје, во координација на Фондација отворено општество - Македонија, организира и спроведува информативни средби во Јавната Установа Меѓу-општински центар за социјална работа – Шуто Оризари.

Информативната средба ќе се одржи на ден 14.07.2015 година, со почеток од 10,00 до 14,00 часот.

Оваа информативна средба е наменета за граѓаните во општина Шуто Оризари и нивно информирање за постоење на Законот за бесплатна правна помош и правото кое истиот го гарантира, а во поглед на решавање на определени видови правни прашања (од областа на социјална заштита, работни односи, имотно-правни прашања, заштита на деца и малолетници итн). Информирањето на граѓаните ќе се спроведе преку водење разговори со правниците и обебзедување на општи правни информации за правното уредување на прашањето од интерес на граѓанинот.

Административните службеници ќе имаат можност да пополнат евалуации во врска со имплементирањето на овие информативни средби за правото на бесплатна правна помош и останати правни институти кои се наменети за олеснување на пристапот до правда на граѓаните како и за помошта која проектот ја нуди.

Воедно ќе се дистрибуираат и промотивни материјали (постери на македонски, ромски и албански јазик; летоци со кратки информации за правото и контакт информациите за овластените здруженија)

*Со почит,*

*„Пристап до правда во Македонија“*